Врз основа на член 27 став 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 и 84/2005), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 26.01.2006 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗА НАЧИНОТ ЗА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ВОДЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот за нејзиното издавање, водење и користење ("Службен весник на РМ" бр. 111/2000) во член 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"на втората страна над фотографијата стои обележано поле за ставање на налепница со бар код за ЕМБГ и бар код со бројот на здравствената легитимација".

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Во член 2 став 29 кај четириесет и седмата и четириесет и осмата страница во текстот во кој се наведени правата од член 9 од Законот за здравствено осигурување, после заградата се додава нов текст кој гласи:

"осигуреното лице може да користи здравствени услуги во здравствените установи со кои Фондот има склучено договор".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-444/6
26 јануари 2006 година
Скопје

Управен одбор
Заменик претседател,
проф. д-р **Магдалена Антова - Велевска,** с.р.